РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-793
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-вата седница одржана на 15.08.2025 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2369/1 од 05.09.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, поради промена на околностите за кои е поднесена пријавата.

Предметот со број 12-2369/1 од 05.09.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител е поднесена пријава, по која е оформен предмет со број 12-2369/1 од 05.09.2024 година, во која се наведува дека лицето /// кое не ги исполнувало условите и критериумите пропишани со Законот за шуми било задолжено за извршување на задачи на позицијата командир на шумска полициска станица ///.

Со цел за проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за шумарство и ловство, кој барањето го препрати на надлежно постапување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањето на ДКСК од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е утврдена следната фактичка состојба:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Службеното лице /// во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство било вработено во /// година, на работното место /// во шумско-полициската станица /// и ги исполнувал законски пропишаните услови за вработување на тоа работно место.

Со Задолжување бр./// од /// година од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, ова службено лице било времено задолжено за вршење на работите на командир на шумско-полициската станица ///, во смисла на член 34 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор.

Според членот 34 од Законот за вработените во јавниот сектор,
„(1)Вработените во јавниот сектор се должни да ги извршуваат работите и работните задачи опишани во актот за систематизација на работните места на институцијата. (2) Вработените во јавниот сектор, врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот, или од раководното лице на институцијата, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во описот од ставот (1) на овој член, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции“.

Со Решение бр./// од /// година на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Задолжувањето бр./// од /// година, за вршење на работите на командир на шумско-полициската станица на службеното лице ///, е отповикано.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека со донесувањето на Решение бр./// од /// година за отповикување на Задолжувањето бр./// од /// година, настапила промена на околностите за кои се однесува пријавата поради што ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик – претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК